**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-604/6**

**Скопје, 28.11.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Кривогаштани за 2005 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Кривогаштани за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Тони Пашоски, Градоначалник на општина Кривогаштани, до 19.04.2005 година и
- Горан Каравилоски, Градоначалник на општина Кривогаштани од 20.04.2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 11.09. 2006 до 14.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Кривогаштани во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/85 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кривогаштани врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ. Причина за тоа е неажурноста на надлежните служби во општина Кривогаштани. Поради тоа искажаната состојба на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на средствата.
**Препорака:**
На основа решението, да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Кривогаштани.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Евидентирањето на ситниот инвентар не се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи при набавката не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба со евидентирањето на исправката на вредноста на ситниот инвентар не се евидентира намалување на деловниот фонд. Со вакviот начин на евидентирање на ситниот инвентар се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба како и се нема политика за евидентирање на истите.
**Препорака:**
Надлежните служби да утврдат соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата да ја применуваат во целиот пресметковен период.

10.2.2. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. За поголем дел од набавените материјали не е наведено каде и за кои потреби се потрошени. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**
Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:
- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице,и
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

10.2.3. За трошоците за мобилен телефон сопственост на општина Кривогаштани, кој го користи градоначалникот не е донесен акт – одлука или решение согласно Одлуката за извршување на буџетот, за утврдување на висината на расходите кои ќе бидат на терет на општината. Ваквиот начин на работење го нарушува принципот на економично работење и доведува до нелимитирани трошоци по овие основи.
**Препорака:**
Надлежните лица во општината да донесат интерен акт со кој ќе се лимитираат расходите од овој вид со цел за економично трошење на јавните средства.

10.2.4. Во врска со благајничкото работење надлежните во општина Кривогаштани немаат донесено одлука за висината на благајничкиот максимум што не е во согласност со Законот за платен промет. Практичната непримена на оваа одредба од Законот придонесува чувањето на готовина во благајната да не е лимитирано.
**Препорака:**
За работењето на благајната, надлежните во општина Кривогаштани да донесат одлука со која ќе ја утврдат висината на благајничкиот максимум.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Во Билансот на приходи и расходи за 2005 година приходите и расходите се искажани во помал износ за 2.449 илјади денари, за направените цесии и компензации кои не се спроведени преку сметката на Буџетот и Органот на општината. Во книговодството за цесиите и компензациите се спроведени евиденции само на сметките за побарувања и пасивни временски разграничувања и обврски спрема добавувачите и активни временски разграничувања што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Како резултат на тоа се јавува нереално искажување на приходите и расходите.
**Препорака:**
Правниот субјект да не практикува регулирање на побарувањата и обврските со договори за цесии и компензации, ако истите не ги спроведува преку трезорскиот систем.

10.3.2. На ставката Стоки и услуги евидентирани се расходи за канцелариски материјали, набавка на гориво, испорака на цевки, набавка на гуми и адвокатски услуги во вкупен износ од 165 илјади денари со некомплетна финансиска документација како основ за книжење, немање испратници и договор што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Евидентирањето на трансакциите без веродостојна и комплетна документација придонесува за искажување на необјективни трошоци.
**Препорака:**
Евидентирањето во книговодството да се врши на основа веродостојна и комплетна документација.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Кривогаштани со состојба на 31.12.2005 година не е извршен во целост, а пописните листи содржат

само податоци за количини без вредности на опремата и инвентарот кој е попишан, без да се искаже и книговодствената состојба и да се утврди евентуален вишок или кусок, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Како причина се јавува не спроведување на потребните подготвителни работи за извршување на пописот и не водењето на материјалните средства во книговодството поединечно по видови на основни средства со нивна набавна вредност и исправка на вредноста. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори и истото доведува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Потребно е надлежните во општина Кривогаштани да превземат активности за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата и нивно евидентирање во сметководствоти со што ќе се добие реална состојба на имотот кој е сопственост на општината.

**10.5. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди непримeнување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- Спротивно на член 7 и член 10 од Законот за јавни набавки не е донесен План за јавни набавки;
- Спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки извршени се набавки за испусни цевки за мостови за 60 илјади денари, набавка на живини сијалици, валдерами, стакло за живина арматура, акумулатор и трофазно броило за износ од 345 илјади денари или во вкупен износ од 405 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка;
- Спротивно на членот 68 од Законот за јавни набавки извршени се набавки на услуги за изработка на урбанистички и главен проект за сточен пазар во износ од 538 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка.

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1. ;10.3.; и 14. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Кривогаштани на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3. и 10.5 кај Органот на општина Кривогаштани не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

13. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Кривогаштани е тужена страна во судски спорови со девет субјекти од кои четири правни лица и пет физички или групи на физички лица претставувани од едно лице, за вкупен износ од 10.626 илјади денари и тоа:

- од ЈП „Македонијапат„ Скопје Подружница Битола за износ од 4.961 илјада денари (главен долг), по договор број 03-183/1 од 06.08.2002 година за изработка на локален

пат Пашинорувци-Чепигово, вредност 5.000 илјади денари и Завршна градежна ситуација број 07-8/105 од 17.10.2002 година на износ од 4.961 илјада денари. Ситуацијата не е книжена во книговодството на општината и износот не е искажан како обврска за плаќање.
Со Судска спогодба за уредување на долг склучен на 04.07.2006 година заведен под број 03-166/4 од 04.07.2006 е договорено основниот долг од 4.961 илјада денари со законска затезна камата до 31.12.2006 година од 4.022 илјади денари и судски трошоци 143 илјади денари или вкупно 9.126 илјади денари, од кој е платен износ од 250 илјади денари по што останал долг од 8.876 илјади денари, да се плати на 12 еднакви рати од по 739 илјади денари почнувајќи од 31.08.2006 до 31.07.2007 година.
Карактеристично е тоа што за плаќање по оваа инвестиција се обезбедени средства по Одлука на Владата на РМ број 23-2758/1 од 21.05.2002 година во врска со што министерот за транспорт и врски има донесено Решение со кое на општина Кривогаштани се одобруваат финансиски средства од 5.000 илјади денари. Од страна на одговорните лица во општината не се преземени мерки за искористување на тие средствата, обврската спрема изведувачот не е платена поради што и следела тужба и обврска за плаќање со камата од 8.876 илјади денари колку што изнесува сегашниот долг;

- од „НИ-ОЛ-Трејд„ ДООЕЛ Демир Хисар за износ од 3.000 илјади денари (главен долг) Долгот произлегува од градежна ситуација број 1 од 11.11.2002 година за извршени работи заклучно со месец ноември 2002 година на градежниот објект - Тампонирање на локален пат Пашино Рувци – Чепигово, општина Кривогаштани, по договор број 03-213/1 од 31.10.2002 година, пресметковна вредност 3.000 илјади денари и вредност на извршените работи 3.000 илјади денари. Договорот е склучен помеѓу „НИ-ОЛ-ТРЕЈД„ Демир Хисар и Фондот за локални патишта на општина Кривогаштани претставувана од градоначалникот Тони Пашоски.
По овој предмет има судско извршно решение од Основниот суд Битола број 650/04 од 11.02.2004 година оверено со штембил од судот и штембил дека одлуката е правосилна од Основниот суд Битола од 31.05.2005 година.
Во врска со обврската по овој основ од страна на Министерството за транспорт и врски има решение за одобрување на средства во износ од 3.000 денари, обезбедени средства по Одлука на Владата на РМ број 23-2758/1 од 21.05.2002 година, од страна на одговорните лица во општината не се преземени мерки за искористување на тие средствата, обврската спрема изведувачот не е платена поради што и следела тужба и обврска за плаќање со камата, ;

- од „Џон и Џони„ ДОО Прилеп за износ од 862 илјади денари (главен долг). Долгот произлегува од испорака на добра и услуги по договор за деловно-техничка соработка број 03-77/2 од 24.03.2004 година за изработка на техничка документација и набавка на материјали према потребите на нарачателот-општина Кривогаштани. Пред склучувањето на договорот од страна на надлежните на општина Кривогаштани не е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки.
Набавката на добра се состои од набавка на живини сијалици, валдерами, стакло за живина арматура, акумулатор и трофазно броило за вкупен износ од 345 илјади денари. Посебен договор за набавка на овие материјали нема, а нема ни постапка за јавна набавка. Правниот субјект „Џон и Џони„ ДОО Прилеп нема вршено испораката на овие добра за потребите на општина Кривогаштани, туку тоа го вршел правниот субјект ЗУЛАМ КОМПАНИ од Кривогаштани кој изготвил испратници без датум и без потписи за тоа кој ги предал и кој ги примил материјалите. На дел од истите за прими стои печат и потпис од „Џон и Џони„ ДОО Прилеп но понатаму за тоа за кои потреби и на кого се предадени нема веродостоен документ.
Набавката на услуги се состои од изработка на Урбанистички проект за сточен пазар заедно со теренски мерења на висински коти, вадење на соодветни одобренија од

институциите на државата и изработка на Главен проект за сточно пазариште за деловна зграда, настрешници, јавни клозети и паркинг простори. Посебен договор за овие услуги нема, а нема ни постапка за јавна набавка што е спротивно на членот 68 од Законот за јавни набавки. Во врска со овие услуги испоставени се фактури во вкупен износ од 537 илјади денари од кои 115 илјади денари за Урбанистичкиот проект и 422 илјади денари за Главен проект за сточно пазариште. Урбанистички проект и Главен проект за сточно пазариште беа дадени на увид на ревизијата.

- од ДТУП „Џови-Компани„ ДООЕЛ Мокрино за износ што се должи 340 илјади денари (главен долг). Долгот произлегува од договор број 03-258/1 од 06.10.2003 година за изградба на дистрибутивна водоводна мрежа во с.Пашино Рувци, вредност 740 илјади денари и Завршна градежна ситуација број 14/03 од 28.11.2003 година на износ од 740 денари од која по претходна ситуација е наплатен износ од 400 илјади денари и останало за наплата 340 илјади денари.
По овој предмет има судско извршно решение од Основниот суд Прилеп број 2031/05 од 21.03.2005 година.
Во врска со овј предмет за наведениот долг извршено е судско порамнување на о4.11.2005 година со што е договорено износот од 340 илјади денари да се плати на 12 еднакви рати по 28 илјади денари плус затезна камата почнувајќи од 01.12.2005 до 01.11.2006 година.

- Од советници од поранешниот Совет на општина Кривогаштани за износ од 589 илјади денари (главен долг). Обврската произлегува на основа донесена и усвоена пресметка од Советот на општина Кривогаштани, за заостанати плати и паушални надоместоци на советниците (за седница по 4.200,00 денари), Претседавачот на советот (по 7.000,00 денари) и Секретарот (по 7.000,00 денари). Одлуката е донесена на 44 седница одржана на 23.02.2005 година.
Вкупнарта обврска за неисплатени надоместоци изнесува 673 илјади денари од која 589 илјади денари е тужен износ, а 84 илјади денари побарување од двајца советници не учествувале во тужбата.
По овој предмет има судско извршно решение од Основниот суд Прилеп И.бр. 2786/05 од 08.02.2006 година и И.бр. 8949/06 од 08.05.2006 година.
Обврската не е евидентирана во книговодството.
Побарувањата се однесуваат за месеците јуни, јули, август, септември, октомври, ноември и декември 2004 година и јануари, февруари и март 2005 година.
Ревизијата изврши увид на документацијата записници за одржани седници за наведените месеци и ја констатира следната состојба:
- За овие месеци има одржано 8 седници на Советот на општина Кривогаштани, а не како што стои во пресметките 10 седници ( за секој месец без разлика дали има седница или не се утврдувала обврска за надоместок на советниците);
- Лицата, советници кои имаат побарувања, биле присутни на одржаните седници;
- Износите на средствата утврдени како обврски за советниците и за претседавачот на советот и секретарот се утврдени спротивно на одредбите од Законот за локална самоуправа и треба да изнесуваат 30% од просекот на исплатената плата во стопанството на РМ. Утврдена е обврска од 673 илјади денари, а требало износ од 504 илјади денари. Тоа значи дека повеќе е пресметана обврска по овој основ од 169 илјади денари. Судот при донесување на пресудата не ги имал предвид одредбите од Законот за локална самоуправа и одобрил исплата во поголем износ што е спротивно на законот.
- Исто така од евиденцијата за одржани седници се констатира дека за овој период од 10 месеци се одржани 8 седници, а не како што стои во пресметките. Повеќе е пресметан за две седници износ од 128 илјади денари.
Тоа значи дека вкупно за износ од 298 илјади денари повеќе се утврдени обврски по основ надомест за советниците.

- од две вработени лица во општина Кривогаштани за износ од 221 илјади денари (главен долг) по основ на неисплатена нето плата за месеците октомври, ноември и декември 2004 година и јануари, февруари, март и април 2005 година во износ од 152 илјади денари, придонес за фондот за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 54 илјади денари за истите месеци и хранарина за февруари, март и април 2005 година во износ од 14 илјади денари.

По овие предмети има судска пресуда од Основниот суд Прилеп П.бр. 44/06 од 27.02.2006 година и П.бр.42/06 од 17.03.2006 година.

- од едно, ангажирано лице по договор за дело во општина Кривогаштани за износ од 44 илјади денари (главен долг) по основ на неисплатен надоместок за месеците септември, октомври, ноември и декември 2004 година и јануари, февруари, март и април 2005 година.

По овој предмет има Записник со судско порамнување со кое општината е согласна да изврши исплата.

- Тужби од граѓани на општина Кривогаштани кои имаат уплатено средства од по 100 ДМ прва рата по основ такса за приклучок на водовод и одвод во 1999 година по одлука на Советот на општината според која требало да уплатат по 300 ДМ на три рати. По овој основ општината е тужена за вкупен износ од 9.900 евра (денарска противвредност од 608.850,00 денари плус затезна камата и судски и адвокатски трошоци.

**15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Кривогаштани во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**15.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

15.1.1. На позицијата Обврски спрема добавувачите во книговодството и во Билансот на состојба на 31.12.2005 година е искажаната состојба од 3.365 илјади денари која претставува состојба на пребиени побарувачки и долговни салда што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Долговни салда се во износ од 1.490 илјади денари, а побарувачките салда во износ од 4.855 илјади денари.

Според претходното на сметката Обврски спрема добавувачите салдото на 31.12.2005 година, според евидентираните состојби во книговодството на општина Кривогаштани, треба да изнесува 4.855 илјади денари.

Износот од 1.490 илјади денари, кој во книговодството е искажан на сметките на добавувачите како долговно салдо, книговоствено претставува износ на повеќе платени обврски спрема добавувачите, а стварната причина е не евидентирана документација за обврските спрема добавувачите:

По препорака од ревизијата, со налог за книжење број 0001 и 0011 од 12.09.2006 година и 0002 од 13.09.2006 година за поголемиот дел од долговните салда е прокнижана документација за обврски спрема добавувачите со што и состојбата на овие сметки е доведена во вистинска и правилна состојба.

15.1.2. Материјалните средства во книговодството не се водат поединечно по видови на основни средства со нивна набавна вредност и исправка на вредноста, поради што е оневозможено по извршување на пописот да се изврши споредување на книговодствената со стварната состојба содржана во пописните листи и да се утврди евентуален вишок или кусок. Тоа не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на

31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори и истото доведува до нереални финансиски извештаи.

По препорака од ревизијата, со налог за книжење број 0001 од 14.09.2006 година правниот субјект изврши групирање на основните средства по видови и амортизациони стапки и за истите отвори посебни книговодствени картици за набавната вредност и исправката на вредноста.

15.1.3. Состојбата на нематеријалните и материјалните средства во Билансот на состоја на 31.12.2005 година е потценета за износ од 16.763 илјади денари и за истиот износ е потценета состојбата на изворите на средствата. Ова е поради не евидентирање на сметките на нематеријалните и материјални средства и извори на средствата, на документацијата (фактури, градежни ситуации) кои се од претходни години, а се однесуваат на изработка на проекти за сточен пазар и за реконструкција на деловни објекти и изградба на улици, патишта, водоводи и слично. Тоа е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план за буџетските корисници. За истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на материјалните средства и зголемување на изворите на тие средства.

По препорака од ревизијата, со налог за книжење број 0006 од 15.09.2006 година вложувањата за капитални средства кои имаат влијание на состојбата на материјалните и нематеријалните средства во смисла создавање нови и на подобрување на квалитетот, векот на употреба, габаритот и слично на постоечките објекти се евидентирани како зголемување на истите и зголемување на состојбата на изворите на тие средства.

15.1.4. Состојбата на исправката на вредноста на материјалните средства за 2005 година е потценета за износ од 68 илјади денари за кој износ е преценета состојбата на деловниот фонд и состојбата на сегашната вредност на материјалните средства поради не пресметана амортизација за периодот 01.01. – 31.12.2005 година што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа искажаната сегашна вредност на материјалните средства на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори и истото доведува до нереални финансиски извештаи.
По препорака од ревизијата, со налог за книжење број 0001 од 14.09.2006 година амортизацијата е пресметана и евидентирана на посебните сметки за исправка на вредноста по видови основни средства.

**Скопје, 21.11. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | | 4,616 | 3,398 |
| **Вкупно приходи** | | **4,616** | **3,398** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 1,654 | 1,694 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 12 |
| Стоки и услуги | | 1,143 | 1,511 |
| Субвенции и трансфери | | 1,798 | 78 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,595** | **3,295** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 21 | 103 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **21** | **103** |
| **Вкупно расходи** | | **4,616** | **3,398** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2005 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | | 16,382 | 4,907 |
| **Вкупно тековни средства** | | **16,382** | **4,907** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 575 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | | 27 | 27 |
| Материјални средства | | 17,420 | 1,282 |
| **Вкупно постојани средства** | | **18,022** | **1,309** |
| **Вкупна актива** | | **34,404** | **6,216** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 15,642 | 4,167 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 79 | 79 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 451 | 451 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 210 | 210 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **16,382** | **4,907** |
| Извори на капитални средства | | 18,022 | 1,309 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **18,022** | **1,309** |
| **Вкупна пасива** | | **34,404** | **6,216** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **1,309** | **-** | **1,309** |
| **Зголемување по основ на:** | **16,781** | **-** | **16,781** |
| Набавки | 17 | - | 17 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Пренос од средства во подготовка | | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| Расходување | | | - |
| Корекции по препорака од ревизијата | 16,764 | | 16,764 |
| **Намалување по основ на:** | **-** | | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| Корекции по препорака од ревизијата - амортизација | 68 | | 68 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **18,022** | **-** | **18,022** |